ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-25/2
16.03 2021 год.
ОХРИД

## ЗАПИСНИК

Од 13-та седница на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, одржана на 14.12.2020 година, преку Google Meet платформата поради настанатата состојба со КОВИД 19, со почеток во 11 часот.

Во работата на Советот учествуваа: Сашо Јанкоски – градоначалник на Општина Вевчани, Елсан Нурчески – вд.градоначалник на Општина Пласница, Зоран Ногачески – градоначалник од Општина Дебрца, Владислав Жупан – овластено лице од Општина Струга, Даниела Костојчиноска – овластено лице од Општина Охрид, Милена Костеска- овластено лице од Општина Македонски Брод, Газменд Цами - овластено лице од Општина Дебар, Фјорим Вејселоски - овластено лице од Општина Центар Жупа, Фекри Садику – Општина Пласница, Менка Кукоска – Општина Вевчани, Дејан Илиоски – Општина Кичево, Марија Караева – СДЦ, надворешните експерти Симон Аврамоски и Никола Абрамовиќ од ПоинтПро, и вработените од Центарот за развој на ЈЗПР.

Советот за развој на Југозападниот плански регион работеше со следниот

### ДНЕВЕН РЕД

- усвојување на записникот од претходната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион

1. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна листа на проекти за развој на планскиот регион за 2021 година.

2. Предлог-Одлука за усвојување на Листата на проекти со кои Центарот за развој на ЈЗПР ќе аплицира кај Бирото за регионален развој по Програмата за РР за 2021 година

3. Предлог-Одлука за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на ЈЗПР за 2021 година.

4. Информација во врска со подготовка на новата Програма за развој на Југозападен регион за периодот 2020-2024 година.

5. Разно.

## PROCESVERBAL

Nga seanca e 13 e Këshillit për zhvillim të rajonit planor JUGPERËNDIMOR, e mbajtur në datë 14.12.2020, përmes platformës Google Meet për shkak të gjendjes së krijuar me COVID 19, me fillim në ora 11.

Në punën e Këshillit morën pjesë: Sasho Jankoski – kryetar i Komunës së Vevqanit, Elsan Nurqeski – u.d.kryetar i Komunës së Pllasnicës, Zoran Nogaqeski – kryetar i Komunës së Debërcës, Vlladislav Zhupan – person i autorizuar nga Komuna e Strugës, Daniella Kostojqinoska – person i autorizuar i Komunës së Ohrit, Milena Kosteska – person i autorizuar i Komunës së Makedonski Brodit, Gazmend Cami – person i autorizuar i Komunës së Dibrës, Fjorim Vejseloski – person i autorizuar i Komunës së Qendër Zhupës, Fekri Sadiku – Komuna e Pllasnicës, Menka Kukoska – Komuna e Vevqanit, Dejan Ilioski – Komuna e Kërçovës, Marija Karaeva – SDC, ekspertët e jashtëm Simon Avramovwskidhe Nikolla Abramoviç nga PointPro, dhe të punësuarit e Qendrës për zhvillim të RPJP.

Këshilli për zhvillim të rajonit planor Jugperëndimor punoi me këtë

### REND DITE

- Miratimi i procesverbalit nga mbledhja e kaluar e Këshillit për zhvillim të rajonit planor Jugperëndimor

1. Propozim-Vendim për miratimin e Listës vjetore me projekte për zhvillim të rajonit planor për vitin 2021.

2. Propozim-Vendim për miratimin e Listës me projekte me të cilat Qendra për zhvillim të RPJP do të aplikojë tek Byroja për zhvillim rajonal për Programin për ZHB për vitin 2021

3. Propozim-Vendim për miratimin e Planit Financiar të Qendrës për zhvillim të RPJP për vitin 2021.

4. Informacion në lidhje me përgatitjen e Programit të ri për zhvillim të rajonit planor Jugperëndimor për periudhën 2020-2024.

5. Të ndryshme.

Во отсуство на Претседателот на Советот за развој, седницата на Советот за развој ја водеше Мирјана Лозаноска, Дневниот ред од седницата се стави на гласање. Од страна на присутните немаше забелешка и истиот се стави на гласање и едногласно се усвои. Исто така, и записникот од претходната седница се стави на дискусија и за истиот се отвори расправа, но за истиот немаше забелешки. Записникот од претходната седница се стави на гласање и истиот се изгласа едногласно.

Во врска со повикот за регионални проекти кои ќе се финансират преку Програмата за РРР за 2021 година, раководителот на Центарот Мирјана Лозаноска им даде објаснување на присутните во врска со самиот повик, новиот Правилник за постапката и методологијата за оценувањето на проекти и исто така начинот на идентификација и селекција на проектите преку организирање на две сесии од регионалниот форум. Исто така, таа нагласи дека од форумите и учесниците произлегоа два концепти, кои заеднички со експертите се доработени во предлог концепти.

Надворешниот експерт Симон Аврамовски направи презентација на двата концепт проекти кои се:

- Проект за поддршка на регионалниот економски развој: туризам, култура и други економски дејности и
- Подобрена енергетска ефикасност во јавни објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР.

Проектот за поддршка на регионалниот еконмски развој: туризам, култура и други економски дејности ќе се спроведе во Општина Струга, Охрид, Вевчани и Центар Жупа. Основна проектна цел (намера) е поддршка на регионалниот економски развој преку подобрување на туристичката економска дејност, културата во југозападниот регион и другите сектори на локалната/регионалната економија преку клучни инфраструктурни подобрувања и активности во регионот. Спроведувањето на проектните компоненти ќе придонесе за значителни економски придобивки на ниво на регионалната економија. Овој проект го задоволува критериумот за регионален проект поради тоа што опфаќа територии на четири општини, со вкупен буџет од 34,611,000 денари.

Што се однесува во врска со проектот за „ Подобрена енергетска ефикасност во јавни објекти и намалување

Në mungesë të Kryetarit të Këshillit për zhvillim, mbledhjen e Këshillit për zhvillim e udhëhoqi Mirjana Lozanoska e cila e vendosi në votim Rendin e ditës për mbledhjen. Nga ana e pjesëmarrësve nuk kishte asnjë vërejtje ose plotësim dhe i njëjti u vendos për votim dhe njëzëri u votua. Gjithashtu, edhe procesverbali nga mbledhja e kaluar u vendos për diskutim dhe për të njëjtin u hap diskutim, por për të njëjtin nuk kishte vërejtje. Procesverbali i mbledhjes së kaluar u vendos në votim dhe u votua njëzëri.

Në lidhje me thirrjen për projekte rajonale të cilat do të financohen përmes Programit për ZHBR për vitin 2021, udhëheqësja e Qendrës për zhvillim, Mirjana Lozanoska u dha sqarim të pranishmëve në lidhje me vetë thirrjen, Rregulloren e re për procedurat dhe metodologjinë e vlerësimit të projekteve dhe gjithashtu mënyrën e identifikimit dhe përzgjedhjes së projekteve përmes organizimit të dy sesioneve të forumeve rajonale. Gjithashtu, ajo theksoi se nga forumet dhe pjesëmarrësit u gjeneruan dy koncepte, të cilat bashkërisht me ekspertët u përpunuan në propozim-projekte.

Eksperti i jashtëm Simon Avramovski bëri prezantimin e dy projekte-koncepteve të cilat janë:

- Projekt për përkrahjen e zhvillimit ekonomik lokal: turizmi, kultura dhe veprimtaritë e tjera ekonomike, dhe
- Përmirësimi i efikasitetit energjetik në objektet publike dhe zvogëlimi i ndotjes së ambientit jetësor në RPJP.

Projekti për përkrahje të zhvillimit ekonomik lokal: turizmi, kultura dhe veprimtaritë e tjera ekonomike do të realizohet në Komunën e Strugës, Ohrit, Vevqanit dhe Qendër Zhupës. Qëllimi kryesor është përkrahja e zhvillimit ekonomik rajonal përmes përmirësimit të veprimtarisë turistike, kulturës në rajonin planor Jugperëndimor dhe sektorët e tjerë në ekonominë lokale/rajonale përmes përmirësimit të infrastrukturës dhe aktiviteteve kyçe të rajonit. Realizimi i komponentëve të projektit do të kontribuojë në përfitime ekonomike të rëndësishme në nivel të ekonomisë rajonale. Ky projekt e plotëson kriterin për projekt rajonal për shkak se përfshin territor të katër komunave, me buxhet të përgjithshëm prej 34,611,000 denarë.

Sa i përket projektit “Përmirësimi i efikasitetit energjetik në objektet publike dhe zvogëlimi i ndotjes së ambientit

на загадувањето на животната средина во ЈЗПР„ ќе се спроведе во следниве општини:Општина Охрид, Кичево, Пласница, Дебар, Дебрца и Македонски Брод. Основна цел (проектна намера) на проектот е подобрување на енергетската ефикасност на постоечки јавни општински објекти од регионално значење и намалување на годишните трошоци за греење и ладење, како и подобрување со управувањето врз животната средина во регионот преку намалување на загадувањето врз почвата и водите во регионот. Овој проект го задоволува критериумот за регионален проект поради тоа што опфаќа териториите на шест општини, со вкупен буџет од 18,890,000 денари. Исто така за двата проекти е направено cost benefices analyses, и двата проекти се исплатливи и одржливи да се финансираат.

После завршување на презентацијата од страна на експертот, раководителот на Центарот отвори дискусија во врска со двата предлог проект концепти. Од страна на присутните, збор побара и зеде претставникот на Општина Пласница, Фекри Садику, кој истакна дека на Општина Пласница, како партнер во вториот концепт им се доделени помалку средства од побараните. Тој побара објаснување зошто е тоа направено така. Одговор на прашањето даде експертот, Симон Аврамовски од ПоинтПро, кој истакна дека средствата се намалени за Општина Пласница, бидејќи според бројот на населени места и бројот на жители, на општината и следат помалку контејнери за отпад од побараните. Од страна на присутните немаше други коментари и се заклучи дека може да се аплицира до Бирото за регионален развој со овие два предлог регионални проекти.

Мирјана Лозаноска ги праша присутните доколку имаат да додат по точка разно од дневниот ред. Од страна на учесниците немаше коментари.

13-та Седницата на Советот за развој на ЈЗПР заврши во 12.30 часот.

jetësor në RPJP" do të realizohet në komunat vijuese: Komuna e Ohrit, Kërçovës, Dibrës, Debërcës dhe Makedonski Brodit. Qëllimi kryesor (i projektit) është përmirësimi i efikasitetit energjetik në objektet publike ekzistuese të një rëndësie rajonale dhe zvogëlimit të shpenzimeve vjetore për ngrohje dhe ftohje, si dhe përmirësimi i menaxhimit të ambientit jetësor në rajon përmes zvogëlimit të ndotjes së tokës dhe ujërave në rajon. Ky projekt e plotëson kushtin për projekt rajonal për shkak se përfshin territor të gjashtë komunave, me buxhet të përgjithshëm prej 18,890,000 denarë. Gjithashtu për të dy projektet është bërë edhe Cost Benefit Analysis, dhe të dy projektet janë të leverdishme dhe të vetë qëndrueshëm për financim.

Pas përfundimit të prezantimit nga ana e ekspertit, udhëheqësja e Qendrës hapi diskutim në lidhje me dy propozim koncept-projektet. Nga ana e pjesëmarrësve , fjalën e kërkoi dhe e mori përfaqësuesi i Komunës së Pllasnicës, Fekri Sadiku, i cili theksoi se Komunës së Pllasnicës, si partnerë në konceptin e dytë i janë dhënë më pak mjete në krahasim me ato që ka kërkuar. Al kërkoi shpjegim pse është bërë kjo gjë. Përgjigje për këtë pyetje dha eksperti, Simon Avramovski nga PointPro, i cili theksoi se mjetet janë zvogëluar për Komunën e Pllasnicës, sepse sipas numrit të vendbanimeve dhe numrit të popullatës, komunës i takojnë më pak kontejnerë për mbeturina nga se kishte kërkuar komuna. Nga ana e pjesëmarrësve nuk kishte vërejtje dhe komente tjera dhe u miratua që të aplikohet tek Byroja për zhvillim rajonal me këto dy propozim-projekte.

Mirjana Lozanoska i pyeti të pranishmit nëse kanë të shtojnë diçka në lidhje me pikën e fundit të Rendit të ditës. Nga ana e pjesëmarrësve nuk kishte asnjë koment.

Mbledhja e 13-të e Këshillit për zhvillim të RPJP përfundoi në ora 12.30.

Записничар
Валон Каба

Procesverbalist
Valon Kaba

Струга, 16.03.2021

Strugë, 16.03.2021